# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА


| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Крива Паланка<br>Издавач : Општина Крива Паланка<br>Излегува по потреба | Број 12<br><br>08.10.2020 | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 14 и член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр 5/02), член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка Советот (Службен Гласник на Општина Крива Паланка бр.8/2010, 8/14,2/18 и 03/19,) Советот на  Општина Крива Паланка на седница одржана на 07.10.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за збратимување на Општина Крива Паланка со Градот Бор ,Република Србија**

Член 1

Општина Крива Паланка се збратимува со Градот  Бор,Република Србија .

Член 2

Видот и начинот на соработката помеѓу Општина Крива Паланка и  Градот Бор  ќе се утврди со посебна повелба која што ќе биде потпишана од страна на Градоначалниците на Општина Крива Паланка  и Градот Бор .

Член 3

Се овластува Градоначалникот на Општина Крива Паланка Борјанчо Мицевски  да ја потпише повелбата  за збратимување на Општина Крива Паланка и  Градот Бор.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина КриваПаланка”.

**Бр. 09 – 2786/3**
**29.09.2020 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за збратимување на Општина Крива Паланка со Градот Бор ,Република Србија**

1. Се објавува Одлука за збратимување на Општина Крива Паланка со Градот Бор ,Република Србија ,што Советот ја донесе на Свечена седница ,одржана на ден 07.10.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-2786/4**
**08.10.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.08/10,08/14 ,02/18 и 03/2019),Одлуката за востановување општински признанија и награди бр,07-2173/15 од 26.08.2011 година ,Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за востановување општински признанија и награди бр.07/2457/25 од 30.09.2011 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за востановување општински признанија и награди бр. 09-1829/19 од 25.06.2018 година, а по предлог на Одбор за доделување на награди и признанија, Советот на Општина Крива Паланка на свечената седница, одржана на 07.10.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За доделување на наградите „8-ми Октомври“, „Почесен граѓанин на Крива Паланка„ и „Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка„ за 2020 година**

**Член 1**

Наградата „8-ми Октомври“ за 2020 година во Општина Крива Паланка се доделува на:

1.**Проф.Др.Анета Стефановска** од Крива Паланка за повеќедецениско работење во областа на Биокибернетика како професор по биомедицинска физика за нејзиниот придонес во истаражувањето а воедно и промоција и афирмација на Општина Крива Паланка во Европа и пошироко .

**Член 2**

Наградата „Почесен граѓанин на Крива Паланка„ за 2020 година во Општина Крива Паланка се доделува на:

1. **Г-ѓа Наталија Задорожњук –амбасадор на Украина во Република Северна Македонија** во знак на благодарност на граѓаните на Општина Крива Паланка за соработката помеѓу Општина Крива Паланка и Амбасадата на Украина во Република Северна Македонија и нејзината посветеност во продлабочување на оваа соработка .

**Член 3**

Наградата **„**Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка “ за 2020 година во Општина Крива Паланка се доделува на:

1 **Роберт Цветковски од Крива Паланка** за особени заслуги во промоција ,афирмација и достојно преставување на Општината и Државата надвор од границите на Република Северна Македонија и ширум Европа во областа на уметноста -сликарството .

**Член 4**

Благодарници во чест на празникот на Општината „8-ми Октомври“ за 2020 година се доделуват на:

**1.** „Црвен крст на РСМ -Општинска организација Крива Паланка „ за заслуга и и огромна подршка справувајки се со проблемите на локално ниво , како и импементација на различни проекти од хуман карактер на територија на Општина Крива Паланка и пошироко .

**2.** „Здружение извиднички одред Наум Наумовски -Борче Крива Паланка„ за активности од хуман карактер за Општина Крива Паланка и нивен 60 годишен јубилеј од нивното постоење

**Член 5**

Наградата од член 1 ст.1 од Одлуката се доделува како плакета, парична награда во износ од 20.000 денари и благодарница.

Наградата од член 2 ст.1 од Одлуката се доделува како плакета и благодарница.

Наградата од член 3 ст.1 од Одлуката се доделува како плакета, парична награда во износ од 20.000 денари и благодарница.

**Член 6**

Средствата за доделување на наградата „8-ми Октомври“ и наградата „ Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка “ за 2020 година ќе се обезбедат од Буџетот на Општината Крива Паланка.

**Член 7**

Наградите “8-ми Октомври„ ,“Почесен граѓанин на Крива Паланка„ и „Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка„ за 2020 година ќе се доделат на Свечената академија во чест на ослободување на Крива Паланка на 8-ми Октомври 2020 година .

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09 –2786/5** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**07.10.2020 год.** — **Претседател,**
**Крива Паланка** — **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18),03/19 Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за доделување на наградите „8-ми Октомври“, „Почесен граѓанин на Крива Паланка„ и „Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка„ за 2020 година**

1. Се објавува Одлука задоделување на наградите „8-ми Октомври“, „Почесен граѓанин на Крива Паланка„ и „Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка„ за 2020 година ,што Советот ја донесе на Свечена седница ,одржана на ден 07.10.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-2786/6**
**08.10.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

# С О Д Р Ж И Н А

**Ред.бр.** **страна**


1. Одлука за збратимување на Општина Крива Паланка со Градот Бор ,Република Србија ........................................................................................ 1
2. Заклучок за објавување на Одлука за збратимување на Општина Крива Паланка со Градот Бор ,Република Србија.................................................. 2
3. Одлука за доделување на наградите „8-ми Октомври“, „Почесен граѓанин на Крива Паланка„ и „Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка„ за 2020 година........ 3
4. Одлука за доделување на наградите „8-ми Октомври“, „Почесен граѓанин на Крива Паланка„ и „Признание за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка„ за 2020 година....... 5